new normal

Building Workers' Post COVID19 Involvement and Consultation Capacity in Transport Undertakings

# Активно учество: пресудна улога на работниците во донесување на деловни одлуки во согласност со директивите на ЕУ

Европската унија (ЕУ) го промовира активното учество на работниците во донесување на одлуки како дел од своите фундаментални начела. ЕУ ја признава важноста на учеството на вработените во донесување на одлуки како метод за унапредување на корпоративното управување, поттикнување на општествената одговорност и зајакнување на општествената кохезија.

Читава низа на директивите и политиката на ЕУ ги подржува социјалниот дијалог и учеството на работниците. Во продолжетокот се истакнати некои од клучните аспекти:

**Директива за учество на работниците во отворени акционерски друштва и во друштвата со ограничена одговорност:** ЕУ ги усвоила директивите кои имаат за цел гарантирање на учеството на работниците во донесување на деловни одлуки на ниво на отворени акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност. Со овие директиви утврдеан е обврска за информирање и консултирање на претставниците на вработените во врска со прашањата кои се од значај за работењето на претпријатието.

**Европски работнички совети :** ЕУ ги установила механизмите како што се Европски работнички совети (ЕРС) за поттикнување на прекугранично информирање и консултирање на работниците во претпријатијата кои што работат во повеќе држави членки на ЕУ.

**Директива за учество на работниците во донесување на деловни одлуки:** ЕУ ги промовирала мерките со кои се гарантира можност на работниците да го искажат своето мислење и да бидат консултирани во врска со прашањата значителни за претпријатието. Погоре наведеното ја опфаќа и можноста за воспоставување на процедури со кои се уредува изборот на претставници на вработените во органите за одлучување во рамките на претпријатието.

**Поттикнување на социјален дијалог:** ЕУ го промовира социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери, како што се синдикатите и работодавачите, со цел за решавање на прашањата од областа на работните односи и промовирање на активното учество на работниците во донесување на одлуки.

Активното учество на работниците се смета како неизоставен дел од европскиот социјален модел, чија што целта е постигнување на балансот помеѓу интересите на работодавачите и интересие на работниците поради остварување на одржлив и општествено правичен стопански развој.